Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и 202/24 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија", бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2024 година донесе

# ПРОГРАМА

## За активностите на Општина Гевгелија, во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија

## за 2025 година

Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – (ФЛОРИТ) Гевгелија е основана како иницијатива на локалната самоуправа, бизнис секторот и невладиниот сектор од општина Гевгелија во 2001 година, под името Фондација - „Центар за локален развој – Гевгелија.“ Од 21.01.2005 го носи денешното име.

Во изминатите над 20 години од нејзиното постоење, Фондацијата е етаблирана не само на територијата на општината, туку и на територијата на цела држава, а исто така и во прекуграничниот регион каде што воглавно ги реализира своите активности.

Според Статутот на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии - Гевгелија, (член 2) Фондацијата е основана како непрофитна и невладина организација, во која е забрането дејствување од политички, верски или други позиции со кои се нарушуваат човековите права, или се загрозуваат општествените и демократските интереси на општината и државата.

Фондацијата се занимава со промовирање политики за одржлив развој на локално и регионално ниво со посебен осврт на воведување иновации и практики за континуирано учење во повеќе области, како во областа на животната средина, претприемништво, енергетика, рурален развој, одржлив туризам и културно наследство.

**Визија:**

ФЛОРИТ – Гевгелија е афирмирана организација на локално, национално и меѓународно ниво и посакуван партнер за соработка во областа на одржливиот локален и регионален развој, која ги промовира и развива традиционалните вредности преку современ пристап и придонесува во јакнеењето на капацитетите на локална самоуправа.

**Мисија:**

Мисија на ФЛОРИТ – Гевгелија е да го помага локалниот развој преку иницирање, подготовка и реализирање на развојни проекти на територијата на општина Гевгелија и регионот во синергија и партнерство со сите општествени групи и поединци.

**Цели:**

Основна цел на Фондацијата е да учествува и да го помага локалниот развој и зацврстувањето на демократијата преку:

- Обезбедување на знаење и примена на иницијативи кои обезбедуваат одржлив развој;
- Формирање на прекугранични мрежи за поврзување во синергија со слични или исти организации во регионот и државата;
- Изработка, развој и спроведување на прекугранични развојни проекти;
- Изработка на стратегиски документи од локален и регионален карактер, според пристапот „оддолу нагоре“;
- Изработка на развојни проекти врз аналитички основи кои обезбедуваат објективност и усогласување на податоците според светски норми и стандарди;
- Соработка и развој со граѓанскиот сектор и поттикнување на основањето на нови граѓански организации;
- Унапредување на вештините на локалната работна сила;
- Поддршка на развојот на туризмот преку имплементација на проекти произлезени од стратешки документи;
- Поддршка на руралниот развој во општина Гевгелија, во Југоисточниот плански регион и на територијата на Р.С. Македонија;

- Поддршка на културните активности во општина Гевгелија, во Југоисточниот плански регион и во Р.С. Македонија.

**Целни групи:**

- Локални власти,
- Регионални власти,
- Граѓански сектор,
- Млади,
- Институции во функција на поддршка на бизнис активности (стопански комори, кластери, земјоделски задруги),
- Институции и јавни комунални претпријатија кои се формирани од страна на локални власти и други институции во надлежност на локалните власти.

**Активности:**

- Идентификација, подготовка и управување со проекти;
- Собирање, анализирање и презентирање на податоците од општината;
- Планирање и подготовка на стратешки документи на општината;
- Промовирање и застапување на општина Гевгелија;
- Истражување во делот на достапни извори на финансирање од странски донатори;
- Поттикнување на меѓуопштинска и регионална соработка;
- Воспоставување на прекугранични мрежи за поврзување со слични организации во регионот и пошироко;
- Подготовка, развој и имплементација на проекти за прекугранична развој;
- Подобрување на вештините на локалната работна сила;
- Подобрување и развој на граѓанскиот сектор;
- Обезбедување на друга помош на локалните власти во насока на поддршка на развојот.

Главен фокус на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии ќе биде реализација на проектните активности кои се веќе започнати, како и соработката со општина Гевгелија и локалните институции и организации при имплементација на програмски активности во согласност со нивните планови за развој. Во 2025 година, активностите се проектирани на следните нивоа:

1. Активности на Фондацијата кои самостојно ги реализира и произлегуваат од започнати проекти од претходниот период,
2. Активности на Фондацијата во соработка со општина Гевгелија и останати институции на локално ниво.
3. Активности со ЛАГ Бојмија

**Активност 1**

**Проект: „Balkan Velo“** („Балкански алтернативни маршути за одржлив туризам преку цела сезона“

Во 2023 година беше поднесена апликација (во форма на предлог концепт) за финансирање на проекти по првиот повик од Програмата INTERREG VI-A ИПА БГ-МК. Апликацијата ја помина административната проверка како и првото ниво на оценување и беше предложена за понатамошна постапка. Во Април 2024 беше објавен повикот за поднесување цела апликација, а на 30 Јули истата беше поднесена. Апликацијата е позитивно оценета, одобрена, проектот е предложен за реализација. Потпишувањето на договорот се предвидува за Јануари 2025, а времетраењето на проектните активности се 2 години.

Проектот придонесува за постигнување на Специфичната цел 1.2 „Развој на атрактивен туристички производ за сите сезони“ на територијалната стратегија за прекуграничниот регион и има за цел да го зајакне и прошири туризмот како значајна економска гранка, преку создавање модел за логично поврзани интегрирани акции, поттикнати од желбата да се ограничат нееднаквостите и територијалната кохезија на прекуграничниот регион.

Активностите на ФЛОРИТ заедно со останатите партнери се однесуваат на подобрување на пристапот до аудиовизуелните содржини за сите жители и посетители во прекуграничниот регион, обезбедувајќи поврзаност, подобрување на капацитетот на знаењата и вештините во туристичкиот сектор. Главните активности на општините Гевгелија, Разлог и Богданци се развој на нова, атрактивна инфраструктура која ќе ја зајакнува социо-економската соработка и културната размена, а во исто време ќе овозможи создавање заеднички услуги од кои корист ќе имаат граѓаните и посетителите на нашиот прекуграничниот регион.

Проектот BalkanVelo нуди мрежа на рути за безбеден, разновиден туризам отпорен на пандемии во областа на прекуграничниот регион. Развиен со мултисекторски интегриран пристап, „BalkanVelo“ нуди можности за спорт и рекреација надвор од градовите за потребите на жителите и посетителите користејќи хоризонтален пристап, поврзува природни, туристички и културни локалитети, создава нови алатки за промоција, нуди паметни решенија и воведува маркетинг на ново ниво.

Покрај активностите на општините Гевгелија и Богданци, ФЛОРИТ самостојно ќе ги спроведува следниве активности:

Активност 1.2: Развој на систем за алтернативна мобилност „BalkanVelo“

- Мапирање на постоечките патеки, услуги и синџир на туристички вредности во областа на прекуграничниот регион;
- Идентификување и проценка на најновите трендови во алтернативниот мобилен туризам;
- Развој на нова алтернативна мобилна мрежа.

Активност 1.3: Истражување и развој на нов целосезонски, интегриран и отпорен регионален и прекуграничен ефективен туристички производ.

- Теренско истражување и извештај на засегнатите страни;
- Развој на регионална стратегија;
- Брендирање и маркетинг стратегија.

Активност 2.1.2. „Паметни“ јавни туристички услуги – заедничко решение за технолошка модернизација

• Изработка на интерактивна мапа на патеките

Под -активноста опфаќа мапирање на 10 велосипедски и пешачки патеки во планинските предели на Кожуф, (дел од општина Гевгелија) и ридовите Погана и Карабалија (дел од општина Богданци) и креирање на интерактивна мапа. Мапирањето ќе биде со информации за степенот на тежина, надморска височина, должина, точки од интерес на препорачаната планинска или пешачка рута. Креираните мапи ќе бидат претставени/достапни преку QR-кодови на web апликација. QR кодовите ќе содржат информации од изработените мапи, виртуелни тури, и други туристички информации за општините вклучително и други туристички понуди.

• Креирање на 2 виртуелни тури

Целта на оваа активност е да се создаде виртуелен производ поврзан со културното наследство и да се привлечат повеќе туристи да го посетат регионот. Во рамките на активноста две виртуелни тури (едната во областа на Мултифункционалниот туристички центар во Серменин и втората во Центарот за туристички посетители и велосипедисти во Ѓавато). Потенцијалот на ИКТ активно ќе се користи за промоција на регионот како интересна туристичка дестинација.

Активност 2.1.3. Мобилна апликација и веб-страница BalkanVelo

• Нова мобилна апликација за туристички производ со алтернативна мобилност

Активноста вклучува дизајн и ставање во функција на веб-платформа која вклучува неколку различни модули. Онлајн платформата ќе се користи за промоција на креираните дигитални производи, изградена инфраструктура и развој на туристичка понуда.

• Веб-страница на проектот BalkanVelo. Активноста предвидува нова веб страна каде ќе бидат претставени сите активности на проектот.

Активност 2.2: Подобрување на капацитетот на знаењата и вештините во туристичкиот сектор.

Активноста предвидува сет на  обуки за подобрување на капацитетот на знаења и вештини на вработените во туристичкиот сектор.

**Активност 2**

Во 2024 година започна да се реализира проектот **„Регионално партнерство за подобро спроведување на Зелена агенда за Западен Балкан на локално ниво“**, кој е одобрен во рамки на програмата Партнерски грантови на Цивика Мобилитас.

Проектот го имплементираат 8 партнери од сите 8 региони во државата, водечки партнер е „Центар за климатски промени“ а ФЛОРИТ – Гевгелија е партнер и одговорен за имплементација на активностите во Југоисточниот регион на државата.  Инаку, овој проект придонесува кон овозможување на транзицијата на Р.С. Македонија кон целите на ЕУ за јаглеродно неутрално општество преку инклузивно и транспарентно спроведување на Зелената Агенда за Западен Балкан на локално ниво, со активна соработка на граѓанскиот сектор со сите засегнати страни и вклученост во креирањето на политиките.

Специфични цели се „Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации (ГО) и единиците на локална самоуправа (ЕЛС) за подобро вклучување во спроведувањето на Зелена Агенда и стимулирање на соработка помеѓу нив“; „ ГО да ги поддржат ЕЛС во процесот на креирањето на локални политики за спроведување на Зелената Агенда на локално ниво“; како и „Да се подигне свеста на граѓаните во државата за придобивките од Зелена Агенда“.

Во рамки на овој проект во 2024 година, беа спроведени дел од активностите:

А1. Мапирање на постоечки политики за ЗАЗБ (Зелена агенда за западен Балкан) на локално ниво, вклучително и капацитетите на ГО кои работат во оваа област;

- Следење на имплементација на постоечките политики за Зелената агенда за Западен Балкан на локално ниво во Југоисточен плански регион.
- Следење на имплементацијата на препораките за Зелената агенда преку мониторинг на веб страниците на општините во Југоисточниот регион на Република Северна Македонија (Овој процес е изведен според

изработената Методологија за следење на имплементацијата на постоечките политики поврзани со Зелената агенда за Западен Балкан, со фокус на достапноста и транспарентноста на информациите објавени од страна на општините).

- Дистрибуирани прашалници за идентификација на плански документи и политики за спроведување на Зелена Агенда на локално ниво.

А2. Регионални обуки за градење на капацитетите за ЗАЗБ;

- Организирана „Регионална обука во Гевгелија за градење капацитети за спроведување на Зелената Агенда на Западен Балкан на локално ниво“.

Проектот „Регионално партнерство за подобро спроведување на Зелена агенда за Западен Балкан на локално ниво“ ќе продолжи да се спроведува во 2025 година. Активностите ќе се спроведуваат со фокус на зајакнување на капацитетите на локалните самоуправи, промовирање на одржливи практики, подобрување на енергетската ефикасност и поттикнување на регионалната соработка.

Како дел од активностите кои се планирани да се спроведуваат во наредниот период се: Развивање на методологија и ИТ алатка за следење на спроведувањето на ЗАЗБ на локално ниво; Извештај за спроведувањето на ЗАЗБ; Патоказ за спроведување на ЗАЗБ на локално ниво; Воспоставувањето на регионално партнерство за ЗАЗБ ; Подигнување на јавна свест за значењето на ЗАЗБ; како и организирање на Национален форум (НФ) за Зелена агенда (тематски форум) кој се предвидува да биде во Гевгелија.

Преку сите овие активности, се зајакнува улогата на локалните заедници во спроведувањето на целите на Зелената агенда и се создава позитивно влијание врз животната средина и економскиот развој на регионот.

**Активност 3**

**Проект: Интегрирани решенија за недостиг на вода и адаптација на климатските промени во руралните и планинските области засновани на вештачка интелигенција, со акроним AID-SWS**

Во Септември 2024 година ФЛОРИТ во партнерство Универзитетот „Аквила“ - Италија, Локална акциска група „Gran Sasso – Velino“- Италија, „Epimorfotiki“ Кукуш - Грција, компанијата GNOSI од Солун - Грција, Универзитетот „Жирона“ - Шпанија, компанијата „HY STORE TECH“ од Кипар, Мрежа за рурален развој на РСМ, „Трговска и индустриска комора на Никозија“- Кипар, поднесе апликација (во форма на предлог концепт) за финансирање на проекти од Интерег Еуро-МЕД програма во Проектна мисија 2: Заштита, обновување и подобрување на животната средина и природното наследство, Приоритетна оска 2: Поддршка на позелен медитерански регион отпорен на климатски промени; Специфична цел 2.4: Промовирање на активности за адаптација на климатските промени и превенција од ризици.

Партнерите се обединуваат во овој проект околу проблемот со недостигот на вода, кој е растечки предизвик на Медитеранот, каде климатските промени предизвикуваат пораст на температурите за 20% побрзо од глобалниот просек. Руралните и планинските области се особено ранливи на овој проблем, пред се во медитеранските земји. Проектот AID-SWS има за цел да се справи со овој итен проблем преку иновативни решенија управувани од вештачка интелигенција кои го подобруваат управувањето со водите и промовираат адаптација кон климатските промени.

Општата цел на AID-SWS е да развие интегрирани стратегии за управување со водите прилагодени за руралните и планинските региони. Со инкорпорирање на врвни AI и IoT технологии, проектот ќе помогне да се намали загубата на вода, да се подобри квалитетот на водата и да се оптимизира управувањето со ресурсите. Овие достигнувања треба да го заштитат локалното земјоделство и заедниците, а исто така и го намалат влијанието на климатските промени врз достапноста на вода.

Главните резултати на проектот вклучуваат подобрени системи за складирање дождовница, следење на водата во реално време и подобрено управување со водата. Овие решенија ќе имаат корист за локалните заедници, земјоделците, јавните власти и службите за управување со водите, обезбедувајќи им алатки за поефикасно управување со водните ресурси.

Транснационалниот пристап е од суштинско значење за успехот на проектот, бидејќи недостигот на вода е заеднички предизвик меѓу медитеранските земји. Со поттикнување на соработката меѓу партнерите од Италија, Грција, Кипар, Шпанија и Северна Македонија, AID-SWS ќе создаде рамка за споделени решенија што може да се прошират низ целиот регион. Истовремено, вештачката интелигенција и анализата на податоци стануваат суштински алатки за справување со глобалните, регионалните и локалните кризи за вода, но конкретните примери сè уште се релативно малку и се фокусирани повеќе на општи прашања, отколку на приспособливи решенија.

Во исто време, истражувањето се одвива брзо, зголемувајќи го јазот помеѓу она што може да се направи и она што се способни да го направат носителите на одлуки, така што додека технологијата на вештачката интелигенција напредува, луѓето откриваат несигурности и стравови за оваа непрозирна и мистериозна технологија.

Разбирањето на јавната перцепција за вештачката интелигенција е од суштинско значење за усогласување на управувањето на идните системи за вештачка интелигенција со индивидуалните и општествените потреби, особено во управувањето со водите.

**Активност 4**

ФЛОРИТ-Гевгелија ги координира и управува сите активности на **ЛАГ Бојмија.** Како иницијатори и основачи, ги превземаме сите обврски околу администрацијата, управувањето и имплементацијата на активностите.

ЛАГ Бојмија учествува во реализацијана на проектот „**Програма за развој на заедницата“,** каде што Мрежата за рурален развој на РСМ е имплементатор, во соработка со 5 Локални акциски групи, помеѓу кои е и ЛАГ Бојмија.

Минатата година беше објавен првиот Јавен повик за поддршка на партнерски иницијативи за локален развој. Од овој повик, се реализираа 4 иницијативи, односно:

Проект 1. „Адаптирање на постоечки објект во простор за промоција на здрави животни навики, спорт и рекреација“ инициран од Здружение „Гевгелија Точак Клуб“ - ГТК;

Проект 2. „Инклузивен парк Ице Бегов“;

Проект 3. „Народните носии и обичаи во традицијата на мегленските Власи“, инициран од Ансамбл Бојмија;

Проект 4. „Инклузивно спортско сензорно игралиште“ инициран од ООУ „Владо Кантарџиев“.

Вкупната вредност со која што ЛАГ Бојмија ги ко-финансираше овие проекти преку Програмата за развој на заедниците е 1.063.814 денари, а вкупната вредност на самите проекти е над 7,8 милиони денари.

За 2025 година е предвидено продолжување на имплементацијата на Програмата за развој на заедниците со што се овозможува на локалните чинители да креираат и реализираат иницијативи со поддршка на програмата.

Право на поднесување на апликација имаат локални чинители (правни и физички лица) со седиште или место на живеење на територијата на општините Гевгелија, Богданци, Валандово и Дојран.

Локални чинители кои можат да аплицираат се:

- Локални јавни институции (локални самоуправи, јавни претпријатија, училишта и други локални јавни институции кои имаат седиште на територијата на општините Гевгелија, Богданци, Валандово Дојран);
- Оператори од приватниот сектор (трговски друштва, трговци поединци, занаетчии, земјоделски стопанства и индивидуални земјоделци);
- Граѓански организации и физички лица (Здруженија, фондации, комори и индивидуалци итн.)

Во смисла на партнерства за локални иницијативи, се подразбира заедничка иницијатива помеѓу локални јавни институции, оператори од приватниот сектор и

граѓански организации, при што заеднички ќе обезбедат ко-креирање, ко-финансирање и заедничко спроведување на активноста.

Локалните иницијативи треба да бидат поврзани со решавање на проблеми или подобрување на состојби во локалните заедници поврзани со подобрување на животните услови во руралните средини, во следните приоритетни области:

- Локален економски развој на руралните средини;
- Подобрување на условите за живот во руралните средини;
- Креирање на работни места и поттикнување на претприемништво;
- Социјална инклузија на млади, жени и маргинализирани групи;
- Обезбедување социјални услуги, јавно здравје образование и сл.;
- Намалување на миграција;
- Заштита на животната средина;
- Енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија и климатски промени;
- Рурален туризам преку промовирање и искористување на културните и природните вредности во руралните подрачја;
- Дигитализација и примена нови технологии

Програмата за развој на заедницата е катализатор на развојот предводен од локални чинители, како докажан одржлив модел кој потоа може да се реплицира и унапредува во соодветни тематски сектори или географски подрачја. Програмата спроведува нов партиципативен пристап за решавање на проблемите со кои се соочуваат руралните средини. Главна цел на проектот е постигнување на одржлив развој на руралните средини во С. Македонија преку зголемена вклученост на локалните актери во препознавање и приоретизација на вистинските потреби на заедницата – при тоа потпирајќи се на сопствените ресурси и на зголемениот ангажман на јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.

Програмата за развој на заедницата се фокусира на вклучување на приватниот сектор и поддршка во обезбедувањето на финансии на локално/регионално ниво, поврзување на различни извори на финансирање и поддршка во градење на капацитети.

**Останати активности**

ФЛОРИТ – Гевгелија во изминатата година има аплицирано на други повици за поднесување предлог – проекти за кои се очекуваат резултати во 2025 година. Покрената е иницијатива од наша страна за изнаоѓање решение за пријавување на престојувалиште на странци и домашни лица по електронски пат на територија на Општина Гевгелија. За оваа цел се побара поддршка од Програмата за пазарна вработливост – ИМЕ, која е финансирана од Швајцарската програма за развој и соработка. По одржаната прва работилница во Гевгелија, за наредниот период се предвидено работни состаноци со одговорните во министерствата кои се

засегнати од оваа проблематика (Министерство за внатрешни работи, Министерство за Туризам, Министерство за дигитална трансформација)

Исто така, до програмата ИМЕ е поднесена апликација „Откриј го регионот Бојмија со велосипед, каде што главната цел на проектот е промоција и развој на вело-туризмот во регионот Бојмија, со тоа што ќе се мапира и дигитализира целосно нова патека (на територијата на 4-те оптини Гевгелија, Богданци, Валандово и Дојран), а која ќе биде достапна за домашни и странски туристи и посетители

ФЛОРИТ-Гевгелија и во 2025 година ќе ја продолжи започнатата соработка со граѓанскиот сектор. Соработката продолжува како на локално ниво, така и со Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, каде што учествуваме во работата на Советот за развој на Југоисточниот регион.

ФЛОРИТ – Гевгелија учествува во работата на Стратешки одбор за имплементација на територијалната стратегија за прекуграничниот регион БГ-МК со право на глас за периодот до 2029 година.

Сето ова, произлегува од нашите заложби, од нашите активности на терен, од нашето учество при креирање на регионалните програмски документи, за што добиваме и соодветно признание со поканата за учество во овие тела.

Повеќе информации за активностите на ФЛОРИТ-Гевгелија можат да се добијат на следниве веб страни, кои ги администрираме:

https://florit-gevgelija.eu/

https://kupuvajlokalno.mk/

http://meka.mk/

http://energain.eu/

https://bojmija.mk/

http://bojmija.lag.mk/

## II. Финансирање на работата на Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија

Во прилог е потребниот буџет за реализација на активностите, кој што претставува и ко-учество на Фондацијата при изработка и имплементација на проекти.

| ***Буџет на Фондација за локален развој и развој на ИТ Гевгелија*** | **2025** | | |
|---|---|---|---|
| **Трошоци (во денари)** | **Вкупно месеци** | **По месец** | **Вкупно** |
| **1. Човечки ресурси** | | | |
| **1.1 Плати и надоместоци за плата** | | | |
| 1.1.1. Администрација – Фондација | 12 | 145 000 | 1 740 000 |
| **1.2 Надградување на човечките ресурси** | | | |
| 1.2.1 Учество на инфо денови / конференции | 12 | 0 | |
| 1.2.2 Тренинг/ обуки | 12 | 1500 | 18 000 |
| ***Вкупно човечки ресурси*** | | | **1 758 000** |
| | | | |
| **2. Патувања** | | | |
| **2.1 Меѓународни патувања** | | | |
| 2.1.1. Студиски патувања ( конференции и семинари ) | 12 | / | |
| 2.2 Патни трошоци во земјата | 12 | 2000 | 24 000 |
| ***Вкупно за патувања*** | | | **24 000** |
| | | | |
| **3.Локални трошоци за канцеларија** | | | |
| **3.1. Трошоци за канцеларија** | | | |
| 3.1.1. Изнајмување на простор | | | |
| 3.1.2 Електрична енергија | | | |
| 3.1.3. Греење | | | |
| 3.1.4. Вода и ѓубрарина | 12 | 1500 | 18 000 |
| 3.1.5. Пошта, телефон и интернет | 12 | 1500 | 18 000 |
| 3.1.6. Поправка и одржување на ИТ опрема | 12 | 500 | 6 000 |
| 3.2. Потрошен материјал | | | |
| 3.2.1. Канцелариски набавки ( хигиенски средства ) | 12 | 1500 | 18 000 |
| 3.2.2. Канцелариски материјал | 12 | 1000 | 12 000 |
| 3.2.3 Одржување и чистење на просториите | 12 | 2000 | 24 000 |
| ***Вкупно трошоци за канцеларија*** | | | **96 000** |
| | | | |
| **4. Други трошоци , услуги** | | | |
| 4.1. Публикации ( web страна, одржување и хостинг) | 12 | 1500 | 18 000 |
| 4.2. Финансиски трансакции, данок | 12 | 2000 | 24 000 |
| 4.3. Сметководствени услуги | 12 | 6500 | 78 000 |
| 4.4. Евалуациони трошоци | / | | |
| 4.5. Трошоци за пререгистрација и нотарски услуги | / | | |
| 4.6. Непредвидени трошоци | / | | |
| | | | |
| ***Вкупно други трошоци*** | | | **120 000** |
| | | | |
| | | | |
| **Вкупно трошоци** | | | **1 998 000** |

Бр.09-1608/1
26.12.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**
**с.р.**